**ОПШТИНА АЕРОДРОМ**
**Одделение за урбанизам и подготовка на Урбанистички планови**
**Бул. Јане Сандански бр.109, Скопје**
Врска бр.18-1859/2 од 05.07.2022 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Сектор за комунални работи, урбанизам и заштита и унапредување на животната средина
Бр. 18-1859/3
10-08-2022 20 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 62 став 3 од Законот за урбанистичко планирање (сл. Весник на РСМ бр.32/20) а во врска со доставен предлог за одобрување на проектна програма за урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, од страна на комисијата за урбанизам формирана од градоначалник со решение бр.18-2095/1 од 24.08.2021 год., градоначалникот на општина Аеродром на ден 07.05.2022 год. донесе :

## РЕШЕНИЕ

**За одобрување на проектна програма за урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г4.1 – отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока на КП 2843/1 КО Горно Лисиче – вон град, Општина Аерором**

1. Се одобрува проектна програма за урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г4.1- отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока на КП 2843/1 КО Горно Лисиче – вон град, Општина Аеродром
2. Составен дел на ова решение е проектна програма за урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г4.1- отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока на КП 2843/1 КО Горно Лисиче – вон град, Општина Аеродром, изработена од ТАЈФА АРХИТЕКТИ ДООЕЛ Скопје.
3. Ова Решение влегува на сила со денот на негово донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Преку електронскиот систем е-урбанизам поднесено е барање за одобрување **на проектна програма за урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г4.1- отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока на КП 2843/1 КО Горно Лисиче – вон град, Општина Аеродром**, изработена ТАЈФА АРХИТЕКТИ ДООЕЛ. (бр. на постапка 43727 од 06.06.2022 год.), ополномоштени од инвеститорот Александар Насковски како управител на Друштво за трговија, бои лакови и др. Производи и услуги АСИС ДОО Скопје.

Врз основа на Предлог за одобрување од страна на Комисијата за урбанизам бр.18-1859/2 од 05.07.2022 год. донесено е Решение за одобрување на проектна програма за урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г4.1- отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока на КП 2843/1 КО Горно Лисиче – вон град, Општина Аеродром.

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ**
**Тимчо Муцунски**

Strashko Hadji Kocev
Digitally signed by Strashko Hadji Kocev
Date: 2022.08.10 11:34:04 +02'00'